| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Инсектите во пролет |
| **Содржина на денот** | Трите прасиња |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Анета Штербинска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | -Утринска гимнастика<br>-Вежби за правилно дишење |
| **Активности** | Преку слики и разговор го воведувате детето во активноста преку која ќе се запознае со бројот 3. На почеток ја читате приказната за „Волкот и трите прасиња“ и преку нејзино прераскажување децата воочуваат и вербално искажуваат колку прасиња имаше во приказната и сл. Го мотивирате детето да воочи и посочи каде во просотријата во моментот има по три исти предмети, играчки и сл. Потоа земете три корпи и во нив ставете  овошни или зеленчукови плодови, во првата корпа еден плод, во втората два плода, а во третата корпа три овошни или зеленчукови плодови. Детето треба само да воочи и посочи во која корпа по колку плодови има и да ги изброи. Потоа можете да ги ставите сите плодови на едно место, а детето да одбере и во една корпа само да стави три плодови вкупно.  На крајот од активноста детето чувствува задоволство за успешно завршената задача и ги збогатува своите искуства и знаења за бројот 3. |